НА МЕЃУНАРОДНОТО БИЕНАЛЕ ВО ИСТАНБУЛ

# Оливер Мусовиќ со „Соседи" во официјална програма

**Уметникот Оливер Мусовиќ бил одбран од главниот селектор и куратор на Истанбулското биенале, Швајцарецот Паоло Коломбо, по средбите со кураторката Сузана Милевска, која му предложила на селекторот три проекти на автори од Македонија**

Во Истанбул, од 17 септември до 8 ноември, ќе се одржи шестото меѓународно биенале. Македонија ќе биде вклучена со два проекта во организација на Музејот на град Скопје: "Соседи" на Оливер Мусовиќ, официјален учесник од Македонија, и "Секогаш веќе апокалипса". Нивни куратор е Сузана Милевска, кустос при Музејот. Проектот на Мусовиќ е составен од 21 фотографија обработена дигитално. На нив е прикажан секојдневниот живот на луѓето од опкружувањето на уметникот.

Како паралелна манифестација за време на Биеналето, во Културниот центар "Јуксел Сабанци" на 18 септември ќе биде поставен меѓународниот проект на Музејот на град Скопје "Секогаш веќе апокалипса", во кој учествуваат уметниците Жанета Вангели, Сашо Станојковиќ и Ана Стојковиќ од Македонија, Зоран Насковски од Југославија, Лучезар Бојаџиев од Бугарија, Хусеин Алптекин од Турција и Зденко Бужек од Хрватска.

Учеството на Македонија е поддржано од Министерството за култура со 220.000 денари. Македонските уметници ќе подарат свои дела како донација за музејот на современа уметност што ќе се отвори во 2000 година во Истанбул, а по повод на истанбулскиот земјотрес. Ќе бидат организирани и неколку други изложби во приватни галерии низ Истанбул.

Проектот "Соседи" се надоврзува на поранешниот интерес на Мусовиќ за социјалните и за личните проблеми на луѓето што го опкружуваат, познат уште од инсталацијата што ја презентираше во македонско-шведскиот проект "Мали големи приказни" на



*Оливер Мусовиќ: „Соседи", 1999 година*

кураторот Сузана Милевска (изведен во 1998 година во Народната универзитетската библиотека во Скопје и во Државниот архив во Стокхолом, како дел од манифестацијата "Стокхолом 98"-Европски град на културата).

Уметникот Оливер Мусовиќ бил одбран од главниот селектор и куратор на Истанбулското биенале, Швајцарецот Паоло Коломбо, по средбите со кураторката Сузана Милевска, која на селекторот му предложила три проекта на автори од Македонија.

- Мусовиќ работеше на проектот уште од мај, односно откако официјално знаевме дека ќе учествува на Биеналето. Делото е веќе изложено во новиот простор "Долмабахче" - истакна кураторката Сузана Милевска.

Оливер Мусовиќ е роден 1971 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности на отсекот за графика, а од 1998 год е член на ДЛУМ. Во моментов е запишан на постдипломски студии и е стипендист на фондацијата ПРО ХЕЛВЕНЦИЈА за стдиски престој во Босвил, Швајцарија. Автор е на четири самостојни изложби, а изложувал на многу групни изложби во земјава и во странство.

Паралелната манифестација, проектот "Секогаш веќе апокалипса", ќе биде поставен во Уметничкиот центар „Јуксел Сабанци", на 18 септември, еден месец по катастрофалниот земјотрес што го погоди Истанбул. Тој се совпаѓа и со темата на изложбата посветена на материјалните и на духовните разорувања на крајот на милениумот. Ќе биде одржана и трибина со учесниците во проектот, во Институтот за современа уметност, за проблемите со кои се соочуваат уметниците во кризни ситуации.

(О.П.)